Уп. Бр. 08-59/2023

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од друштвото **АЛФИ ПЕ д.о.о. специјализиран инвестициски фонд к.д.** со седиште на Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија преку Адвокатско Друштво Кнезовиќ и Соработници од Скопје, на седницата одржана на ден **04.05.2023** година, го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата со која друштвото **АЛФИ ПЕ д.о.о. специјализиран инвестициски фонд к.д.** со седиште на Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија има намера да стекне контрола над **ВЕМО ТРАДЕ, трговско друштво за производство, трговија и услуги ДОО** со седиште на ул. Иван Ѓуркан бр. 9, Копривница, Република Хрватска, по пат на стекнување на удели, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на 31.03.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од страна **АЛФИ ПЕ д.о.о. специјализиран инвестициски фонд к.д.** со седиште на Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија, со која **АЛФИ ПЕ д.о.о. специјализиран инвестициски фонд к.д.** има намера да стекне контрола над **ВЕМО ТРАДЕ, трговско друштво за производство, трговија и услуги ДОО** со седиште на

ул. Иван Ѓуркан бр. 9, Копривница, Република Хрватска, по пат на стекнување на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

АЛФИ ПЕ д.о.о. специјализиран инвестициски фонд к.д, е приватен капитален фонд и е независен фонд за приватен капитал со инвестициски потенцијал од околу 70 милиони ЕУР. Фондот се фокусира на инвестирање во развој кај иновативни и брзорастечки мали и средни претпријатија од прва класа и средни капитали основани или кои го водат својот бизнис претежно во Словенија и во Хрватска.
Регистрирана дејност на Друштвото е: дејност на старателски и други фондови и други финансиски ентитети.

АЛФИ ПЕ д.о.о. специјализиран инвестициски фонд к.д, работи во рамките на Словенечката инвестициска програма за капитален раст. Станува збор за програма на сопственичко инвестирање во износ од 100 милиони ЕУР, кои СИД банка и Европскиот инвестициски фонд (EIF) ја основаа во ноември 2017 година.

Целта на програмата е сопственичка поддршка на словенечките иновативни и брзорастечки мали и средни претпријатија, mid-cap фирмите со до 3000 вработени и отворање на нови работни места во Словенија. Програмата е поддржана од Европскиот фонд за стратешки инвестиции (EFSI), кој претставува јадро на Инвестицискиот план за Европа.

АЛФИ Групата моментално има 2 поврзани друштва во Република Северна Македонија:

-Друштво за трговија и услуги АПОЛЛО МК ДООЕЛ Скопје , со седиште на бул. Киро Глигоров бр. 13 Скопје, со дејност трговија на големо со друга стока за домаќинства, и

-Друштво за услуги ПРО КОЛЕКТ ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Христо Татарчев бр. 121-Г Скопје, со дејност на агенциите за собирање и наплата на сметки и кредитни канцеларии.

Регистирана дејност на ВЕМО ТРАДЕ, трговско друштво за производство, трговија и услуги ДОО е производство на брановидна хартија и картон и пакување од хартија и картон, но истото всушност се занимава со производство на хартиени кеси, и не произведува хартија за кесите.
ВЕМО ТРАДЕ, трговско друштво за производство, трговија и услуги ДОО не е присутно на македонскиот пазар .

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и

од член 14 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за утврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот заштита на конкуренцијата, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**